оформил една од најбројните класи по композиција во историјата на оваа институција, а неговите дипломирани студенти денес се видни творци, педагози, организатори на музичкиот живот во Македонија и надвор од неа.

Гоце Коларовски бил иницијатор и предавач на повеќе школи и мастер класи по композиција во Македонија и поканет предавач на странски универзитети. Особено значајна и плодна беше соработката со Универзитетот во Ниш, кадешто тој бил ангажиран на Факултетот за уметности како професор по музичко-теориски предмети и ментор на дипломски трудови.

Творештвото на Гоце Коларовски е цврсто потпрено на националните извори, а во исто време ги одразува и модерните текови на светската уметничка музика – рационалните композиторски техники, цитати и стилски алузии, максимално концентрираниот израз. Неговата симфониска музика, камерни дела за различни состави, солистички композиции со успех се изведуваат на концертните и фестивалските подиуми во Македонија и други земји, секогаш оставајќи траен впечаток со својата длабока мисла, емотивност, композиторско мајсторство.

**Следна програма на**
**Есенски музички свечености:**

**КОНЦЕРТ НА СТУДЕНТИ НА**
**ФАКУЛТЕТОТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ – СКОПЈЕ**

**18 ноември**
**20:00 ч.**
**ПОНЕДЕЛНИК**

**Концертна сала на ФМУ**


Дирекција за култура и уметност – Скопје
Directorate of Culture and Arts – Skopje
бул. „Св. Климент Охридски" 58-б. п.фах 519
тел/факс: 3222 341, 3165 064
e-mail: skleto@unet.com.mk
www.dku.org.mk
www.skopskoleto.mk


**ЕСЕНСКИ МУЗИЧКИ СВЕЧЕНОСТИ**
**AUTUMNAL MUSICAL FESTIVITIES**

ДИРЕКЦИЈА ЗА КУЛТУРА И УМЕТНОСТ - СКОПЈЕ
DIRECTORATE OF CULTURE AND ARTS - SKOPJE

20 години years

Република Северна Македонија
Министерство за култура

# „СЦЕНИ"

## АВТОРСКИ КОНЦЕРТ ПОСВЕТЕН НА 60 ГОДИНИ ОД РАЃАЊЕТО НА МАКЕДОНСКИОТ КОМПОЗИТОР ГОЦЕ КОЛАРОВСКИ



**Музеј на македонската борба**
**16 ноември 20:00 ч.**
**САБОТА**

Град Скопје
ФИЛХАРМОНИЈА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МУЗЕЈ НА МАКЕДОНСКАТА БОРБА · СКОПЈЕ

**Програма:**

**ИЗВОРИ**
**Сам – езгија за флејта (1997)**
**исполнува: Јелена Јаковљевиќ (флејта, Србија)**

**Соната за пијано (1984)**
**I. Andantino. Animato**
**II. Andante**
**III. Toccata. Presto**
**исполнува: Никола Цветковиќ (пијано, Србија)**

**ЅВОНА**
**Четири мигновенија на пролетта на стихови од Мацуо Башо (2002)**
**Пролетна ноќ**
**Под мојата стреа**
**Боже на оваа планина**
**Пролетно утро**
**исполнуваат: Сашо Арсенков (тенор, Србија)**
**Никола Цветковиќ (пијано, Србија)**

**Вечерен ѕвон – прелудиум за пијано (1992)**
**исполнува: Ива Дамјановски (пијано, Македонија)**

**Четири снежни мигновенија на стихови од Мацуо Башо (2003)**
**Да излеземе во дворон**
**Првиот снег**
**Гарванот**
**Запали го огнот**
**исполнуваат: Гонца Богоромова-Краповски (сопран, Македонија)**
**Марија Вршкова (пијано, Македонија)**

**Т'ГА ЗА СЕВЕР**
**Сцени за пијано (1987)**
**исполнува: Ива Дамјановски (пијано, Македонија)**

**Соната за виолина и пијано „Ленинградска“ (1988)**
**исполнуваат: Владимир Костов (виолина, Македонија)**
**Марија Вршкова (пијано, Македонија)**

**Алузии на 1906 за пијано (2006)**
**исполнува: Марија Вршкова (пијано, Македонија)**

**ПРВА ИЗВЕДБА ВО МАКЕДОНИЈА:**
**Камбани (1995) – транскрипција за пијано, харфа, вибрафон и ѕвона од Олга Викторова и Вероника Лемишенко (2014)**
**исполнуваат: Викторија Коларовска-Гмирја (пијано, Македонија)**
**Мерсиха Шукри (харфа, Македонија)**
**Мојца Седеу (вибрафон, Македонија)**
**Горан Митрев (ѕвона, Македонија)**

**Избор на програмата: Викторија Коларовска-Гмирја**
**Координатор: Сузана Костиќ**

Програмата на концертот со кој се одбележуваат 60 години од раѓањето на Гоце Коларовски е поделена во три тематски блока. Првиот, ИЗВОРИ, ги содржи делата потпрени на националната традиција (Езгија) или создадени во раниот период на творештвото (Соната за пијано). Во вториот, ЅВОНА, се делата во кои е пресоздаден звукот на камбаните – трајна инспирација на композиторот. Најдиректниот одраз на тоа е прелудиумот Вечерен ѕвон, а со алузиите на ѕвоната се проткаени и двата вокални циклуса кадешто се одрази уште една творечка преокупација на Коларовски: хаику поезијата која, воедно, е и симбол на концентрираноста на смислата и значењата. Последниот блок, Т'ГА ЗА СЕВЕР, го сочинуваат делата поврзани со престојот во Ленинград/Петербург: Сцени и Ленинградска соната, како и последното дело на Коларовски Алузии на 1906 создадено во 2006 година и посветено на одбележувањето на 100-годишнината од раѓањето на Дмитриј Шостакович.
На програмата е и македонската премиера на делото Камбани во транскрипција за пијано, харфа, вибрафон и ѕвона, за прв пат изведена во Екатеринбург – Русија во 2014 година.

**ГОЦЕ КОЛАРОВСКИ** (1959–2006) е истакнат македонски композитор, научник и музички деец, долгогодишен професор и декан на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Композиторското образование стекнал на ФМУ – Скопје во класата на академик Властимир Николовски кадешто станал и прв магистер по композиција. Од големо значење во неговиот развој како творец беше и специјализацијата на Државниот конзерваториум „Н. А. Римски-Корсаков“ во Санкт-Петербург во класата на реномираниот композитор и педагог Сергеј М. Слонимски. Како професор на ФМУ – Скопје Гоце Коларовски